# ЗАКОН
# ЗА ВЛОЖУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО АКЦИОНЕРСКИОТ КАПИТАЛ НА ЕВРОПА РЕ[1]

Член 1

Со овој закон се уредува начинот и постапката за вложување на Република Македонија во акционерскиот капитал на Европа Ре (EUROPA Reinsurance Facility Ltd.), како и начинот на располагање со акциите и правата кои произлегуваат од нив.

Член 2

(1) Вложувањето, продажбата, трансферот и другите форми на располагање со акциите и правата кои произлегуваат од нив, како и организационата поставеност на Европа Ре ќе бидат уредени со Акционерскиот договор што ќе се склучи меѓу Република Македонија и Европа Ре.

(2) Во име на Република Македонија, Акционерскиот договор ќе го потпише министерот за финансии.

Член 3

(1) Влогот на Република Македонија во капиталот на Европа Ре изнесува 5.000.000 САД долари.

(2) Средствата од ставот 1 на овој член ќе се обезбедат со заем од Меѓународната банка за обнова и развој - Светската банка кој ќе биде наменет за финансирање на Регионалниот проект за осигурување од ризик од катастрофи.

(3) Министерот за финансии, во име и за сметка на Република Македонија, ќе ги уплати средствата од ставот 1 на овој член на сметка на Европа Ре.

Член 4

За продажба, трансфер и другите форми на располагање со акциите на Република Македонија во Европа Ре и правата кои произлегуваат од нив одлучува Владата на Република Македонија.

Член 5

(1) На Акционерското собрание на Европа Ре Република Македонија ќе биде претставувана од лице овластено од Владата на Република Македонија.

(2) Владата на Република Македонија ќе именува лице од Агенцијата за супервизија на осигурувањето за член на Советодавниот одбор на Европа Ре.

Член 6

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

---

1 Службен весник на Република Македонија бр. 185 од 30.12.2011 година